АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено/Pranuar: | 25-10-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 3932 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје
3. **Датум на извршување на надзорот:** 25 октомври 2022 година
4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на регионално ниво, треба да биде 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.*
5. **Претходно изречена мерка:** /
6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје во 2021 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2021 година, вкупниот број на вработени во радиостаницата изнесувал девет лица, од кои како новинари со висока стручна спрема биле ангажирани две лица. Поради тоа, на 06.10.2022 година Агенцијата со писмен допис (наш бр. 03-3736/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документот што радиодифузерот го достави во Агенцијата на 21-ви октомври 2022 година (Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект заклучно со 20.10.2022 година, издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија) е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно пет лица, од кои три со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

*Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права*